Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **психологија** изборен предмет **за** IV (четврта) година за јазично-уметничко подрачје и општествено-хуманистичко подрачје на средното гимназиско образование **за учебната 2020/21 година.**

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПСИХОЛОГИЈА

IV ГОДИНА

СРЕДНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

август 2020

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет психологија се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 2 часа неделно се предвидуваат 58 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| ТЕМА 1: ВОВЕД ВО ПСИХОЛОГИЈАТА И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ( 6 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>• Предмет на психологијата и подрачја на примена<br>• Примена на психологијата во секојдневието (вежби)<br>• Методи на истражување во психологијата<br>• Дизајн на психолошко истражување (вежби)<br>• Основни статистички показатели |

| ТЕМА 2: БИОПСИХОЛОГИЈА ( 15 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>• Невро-физиолошка основа на психичкиот живот |

- Поим за осети и видови осети
- Перцепција, поим и карактеристики
- Влијание на внатрешни и надворешни  фактори при перцепција
- Примена на знаења за перцепција (вежби)
- Поим и видови внимание
- Мотивација и видови мотиви
- Хиерархија на мотиви
- Поим и видови емоции и чувства
- Изразување и контрола на емоции (вежби)
- Стрес (фрустрации и конфликти)
- Реакции на фрустрации и конфликти
- Стратегии за справување со стрес (вежби)

| ТЕМА 3: КОГНИТИВНА ПСИХОЛОГИЈА ( 10 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>• Поим  и видови учење<br>• Примена на учењето (вежби)<br>• Видови меморија и значење на меморијата<br>• Техники за подобрување на помнењето<br>• Средства и тек на мисловната активност<br>• Креативност - стратегии за решавање на проблеми<br>• Изменети состојби на свеста |

| ТЕМА 4: РАЗВОЈ НА ПСИХИЧКИОТ ЖИВОТ ( 9 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>• Настанување и развој на психичкиот живот, филогенетски и онтогенетски развој<br>• Фактори на психичкиот развој на човекот |

| |
|---|
| • Периоди на развој<br>• Карактеристики на периодот на адолесценција преку самонабљудување (вежби)<br>• Улогата на родителите, училиштето и врсниците врз развојот<br>• Влијанието на технологијата врз развојот |

| ТЕМА 5: СОЦИОКУЛТУРНИ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈОТ ( 18 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>• Поим и својства на личност<br>• Теории на личност<br>• Карактер и темперамент<br>• Самонабљудување и анализирање на сопствениот карактер и темперамент (вежби)<br>• Способности и интелигенција<br>• Мерење на интелигенција (вежби)<br>• Развој на интелигенцијата во текот на животот<br>• Поим за нормалност<br>• Причини и видови психички нарушувања<br>• Основни приоди во третманот на психичките нарушувања<br>• Волја, ставови и интереси<br>• Социјални и културни аспекти на однесувањето<br>• Конформизам, алтруизам и агресија<br>• Стратегии за разрешување конфликти (вежби) |

3. **Дидактички препораки**

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *психологија* за IV (четврта) година на гимназиското образование е редовната наставна програма (конкретните цели, дидактичките насоки и корелацијата меѓу тематските целини и меѓу предметите). При реализацијата на скратената наставна програма

наставникот треба да има предвид дека часот е во времетраење од 35 минути. Во дидактичко- методичката организација на овие часови мора да се посвети посебно внимание на селекција на содржината и издвојување на основните и битни психолошки поими. При тоа, наставникот треба да ги поттикне учениците да ги искажат нивните предзнаења за поимите кои се обработуваат на часот и на нив да ги надоградува новите знаења. Потребно е часот да започне со создавање на позитивна психолошка клима за учење преку истакнување на очекуваните исходи од часот, на тој начин се зголемува вниманието и подготвеноста за работа на ученикот. Во текот на часот наставникот изнесува факти, ги доведува во меѓусебна врска, ги поврзува со претходно научената материја тргнувајќи од познато кон непознато, од просто кон сложено. Наставата треба да биде насочена кон активно учество на учениците, да се поттикнува и развива нивната самостојност, размислување, критички став и истражување.

Наставникот треба да има во предвид дека некои наставни единици во скратената програма се изоставени, додека други се споени. Така од првата тематска целина изоставена е наставната единица за етичност во психолошките истражувања. Се препорачува наставникот во рамки на наставната единица за методи на истражување да се осврне и со пример да укаже на важноста од етиката во психолошките истражувања. Во втората тема се препорачува да не се навлегува во детали за невро-физиолошката основа на психичкиот живот (функција на Централен нервен систем, вегетативен систем и ендокрини систем) бидејќи тие знаење се стекнуваат по наставниот предмет биологија. За влијанието на средината и наследството врз развојот предвидено е да се изучува само на едно место и тоа во тема четири. Во петата тема изоставено е изучувањето на поимите предрасуди и стереотипи бидејќи учениците имаат предзнаење за овие поими од наставниот предмет социологија.

Во секоја тема е дадена препорака за реализација на вежби кои имаат функција на практична примена на наученото.

Наставникот треба да користи активни методи на поучување и постапки со кои најефикасно ќе се постигнат целите од наставата програма, а истите ќе соодветствуваат на потребите и можностите на самите ученици. Наставникот ќе ги поттикнува учениците да го применат наученото во секојдневниот живот и преку анализа на сопственото однесување да се запознаат себеси.

При реализација на скратената програма наставникот ќе поттикнува активно учење преку користење технологија, учење преку проекти, кооперативно учење кое ја зголемува мотивацијата за учење кај учениците и желбата за истражување и независност при стекнувањето и усвојувањето нови знаења.

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *психологија* изборен предмет за IV (четврта) година на средното гимназиско образование ја утврди

Рег.бр. 12-8424/93
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска